СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува истовремено во српско, хрватско, словеначко и македонско издање два пати неделно, и по потреба. — Огласи по тарифата. — Текукја сметка кај Народна банка на ФНРЈ бр. 1-900880. — Текукја сметка на Продавното одделение 1-670880

Четврток, 31 март 1949
БЕЛГРАД
БРОЈ 27 — ГОД. V

Цена на овој бр... тата за цела 194... динари. Редакција: Бранкова ... 18—20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 27-595, Продавно одделение 22-619. Сметководство 26-276. Експедиција 21-251.

"Služben Vesnik N.R. Sk...
administracija
Maršala Tit...

**224.**

Врз основа на чл. 74 точ. 6 од Уставот на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ издава

## УКАЗ

### ЗА ДВОДНЕВНО ПРОСЛАВУВАЊЕ НА НАРОДНИОТ ПРАЗНИК 1 МАЈ И ДРЖАВНИОТ ПРАЗНИК 29 НОЕМВРИ

Народниот празник Прв мај се слави два дена, на прв и втор мај.

Државниот празник Дваесет девети ноември се слави два дена, на дваесет девети и триесети ноември.

У. бр. 342
28 март 1949 година
Белград

Президиум на Народната скупштина
на Федеративна Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничич, с. р.

Претседател,
др Иван Рибар, с. р.

---

**225.**

Врз основа на чл. 1 од Законот за овластување на Владата на ФНРЈ за донесување уредби по прашањата од народното стопанство, Владата на ФНРЈ, по предлог на Министерот на трудот на ФНРЈ, донесува

## УРЕДБА

### ЗА ДИСЦИПЛИНСКАТА И МАТЕРИЈАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ДРЖАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, НАДЛЕШТВА И УСТАНОВИ

### А. — ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

#### 1. Работна дисциплина

Член 1

Работната дисциплина се состои во точно исполнување на работните обврски и должности предвидени во работниот ред и во другите прописи, како и во договорите за работа.

Член 2

Директорите на претпријатијата, односно раководителите на надлештвата и установите, како и други одговорни лица се грижат и лично се одговорни за одржувањето и јакнењето на работната дисциплина.

Член 3

Работниците во државните стопански претпријатија, надлештва и установи одговорни му се за своето работење на директорот на претпријатието односно на раководителот на надлештвото или установата.

Директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото и установата е највисок дисциплински старешина.

#### 2. Дисциплински прекршоци

Член 4

Работникот што ќе ја повреди работната дисциплина, неизвршувајќи ги своите работни обврски и должности што се содржани во работниот ред и во други прописи, како и во договорот за работа одговара за дисциплински прекршок.

Работникот одговара дисциплински само ако го сторил прекршокот со умисла или од нехајност.

#### 3. Дисциплински казни

Член 5

Во работниот ред и во други прописи, како казни за дисциплински прекршоци можат да се предвидуваат:

1) писмена напомена;
2) писмен укор;
3) писмен строг јавен укор;
4) парична казна во износ најмногу до еднодневната чиста плата на работникот со тоа, да не може вкупниот собир на овие казни во еден месец да го премине износот од 10% од едномесечната чиста плата на работникот;
5) преместување на работа од пониска група до три месеци;
6) отпуштање од работа.

Член 6

Казната отпуштање од работа се изречува за случај ако дисциплинските прекршоци на работникот се повторуваат постојано, а применувањето на другите дисциплински казни од чл. 5 на оваа уредба не влијаело позитивно на работникот, па за тоа оставањето на работникот на работа е противно на интересите на претпријатието, надлештвото или установата како и во случај ако е прекршокот особено тежок.

#### 4. Одмерување на казна

Член 7

При одмерувањето на дисциплинската казна ќе се земе во оглед тежината на повредата и нејзините последици, степенот на одговорноста, големината на штетата, приликите под кои што е сторен дисциплинскиот прекршок, поранешното работење и владеење на работникот, природата на работењето што го врши работникот, како и други олеснителни и отежителни околности.

### 5. Застареност

Член 8

Гонењето на дисциплинските прекршоци застарува за еден месец од денот на извршувањето.

Извршувањето на казната за дисциплински прекршоци застарува за 15 дена од денот на правносилноста на решението.

### 6. Бришење на дисциплинската казна

Член 9

Правносилно изречена дисциплинска казна се брише:

а) ако работникот добил едно од званијата предвидени во Законот за почесните званија на трудбениците или ако е прогласен за пронаоѓувач, новатор или рационализатор;

б) ако работникот не стори во срок од 6 месеци од денот на извршувањето на казната нов дисциплински прекршок.

Директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото или установата може изречената дисциплинска казна да ја брише и пред да истече срокот од 6 месеци и во случај ако казнетиот работник биде пофален или награден, или ако се покаже на работата освесен, марлив и пожртвуван.

Решение за бришењето на дисциплинската казна од претходните ставови донесува директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото или установата. Ова решение се објавува јавно во претпријатието, надлештвото или установата, доколку казната била јавно објавена.

### 7. Надлежност за изречување на казна

Член 10

Казни за дисциплински прекршоци изречува директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото или установата кои што можат да ги овластат своите помошници (заменици), раководителите на поедини одделенија (сектори), погони и сл. да изречуваат казни за дисциплински прекршоци, освен казната од точ. 5 и 6 чл. 5 од оваа уредба.

Раководителите на големи погони можат да се овластат да изречуваат казни од точ. 5 чл. 5 од оваа уредба.

При донесувањето на одлуката, надлежниот старешина ке го земе во оглед и мнението на синдикалната организација.

Член 11

Директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото и установата може поедини дисциплински прекршоци на работници да ги отстапи на другарскиот суд на синдикалната подружница да донесе одлука.

Поблиски одредби за организацијата, составот и работењето на овој суд, како и кому се подава жалба против одлуката од овој суд ке донесе Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија.

### 8. Дисциплинска постапка

Член 12

Старешината што ке утврди сам повреда на работната дисциплина или ке дозна за оваа макар на каков друг начин должен е веднаш да започне постапка. Ако не е тој надлежен за изречување на казна или најде дека делото претставува потешка повреда на работната дисциплина за која што не е овластен да изрече дисциплинска казна, ке го извести за тоа без одлагање повисокиот старешина кој што ке постапи натаму.

Член 13

Надлежниот старешина за случај на потреба може да спроведе извид за да ја утврди дисциплинската одговорност на работникот.

Извидот мора да биде брз и краток.

Член 14

Работникот не може да биде казнет пред да биде сослушан.

Старешината што ке затече работник при извршување или вршење на дисциплински прекршок може исклучително на самото место да изрече дисциплинска казна.

Член 15

Против решението за казната за дисциплински прекршок, што го донел директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото или на установата, работникот може да поднесе жалба до надлежниот административно-оперативен раководител, односно до повисокиот старешина.

Против решението за казната за дисциплински прекршок што го донел друг надлежен старешина, работникот може да поднесе жалба до директорот на претпријатието односно до раководителот на надлештвото или установата.

Жалбата се подава во срок од 5 дена од денот кога е примено првостепеното решение и по неа мора да се донесе решение во срок од осум дена. Исти срокови важат и за жалбата против одлука од другарскиот суд на синдикалната подружница, доколку тој изречува казна (чл. 11 од оваа уредба).

Член 16

Сите предмети во дисциплинската постапка против работници се сметаат како хитни.

Во дисциплинската постапка не се плаќаат никакви такси.

## Б. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ

Член 17

Работникот што при работењето ке и стори на државата материјална штета одговорен е за оваа штета по началата од граѓанското право.

Член 18

Решение за накнада на штетата до износ од 20.000 динари донесува задолжително директорот на претпријатието, раководителот на надлештвото или на установата односно пониски старешини по овластение (чл. 20 од оваа уредба), а за штетите чија вредност би преминувала 20.000 динари до 50.000 динари директорот на претпријатието односно раководителот на надлештвото или установата може предметот за накнада на штетата да му го одстапи на надлежниот орган за застапување на државата пред суд поради подигање тужба кај надлежниот редовен суд.

За штети преку 1.000 динари надлежен е редовниот суд.

Член 19

За штети преку 1.000 динари, а чија вредност не е напред утврдена во ценовникот, решение за накнада на штетата се донесува врз основа на извештајот од стручна комисија која што утврдува да ли станала штета, под кои услови, колкава е нејзината висина и кој штетата ја сторил.

Оваа комисија се состои од 3 члена: еден делегира синдикалната организација, а двајца назначува директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото и установата.

Член 20

Директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото или на установата може да го овласти помошникот (заменикот), раководителот на поедини одделенија, на сектори на работењето, на погони, служби или групи, да донесуваат решенија за накнада на штетата до износ од 1.000 динари, или за штети чија вредност е напред утврдена во ценовник што го прописува директорот на претпри-

јатието во согласност со административно-оперативниот раководител на претпријатието, односно раководителот на надлештвото и установата.

Во решението од директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото и установата за пренесување овластение за донесување решенија за накнада на штетата по претходниот став, поблиску ке се одреди за кои штети и до која висина можат пониските старешини да донесуваат решенија за накнада на штетата.

Член 21

Доколку е пониският старешина истовремено овластен и за изречување казни за дисциплински прекршоци (чл. 10) и за донесување решенија за накнада на штетата (чл. 20), прашањето за накнада на штетата се расправа со истото решение со кое што е изречена дисциплинската казна.

Член 22

Против решението за накнада на штетата, што е донесено по чл. 20 и 21 од оваа уредба, работникот може да се жали до директорот на претпријатието, односно до раководителот на надлештвото и установата.

Против решението за накнада на штетата што го донел во прв степен директорот на претпријатието, односно раководителот на надлештвото и установата, работникот може да се жали до надлежниот административно-оперативен раководител, односно до непосредно повисокиот старешина.

Жалбата се подава во срок од пет дена од денот кога е решението примено.

Против второстепеното решение за накнада на штетата, работникот може да подаде тужба во срок од 30 дена до надлежниот редовен суд како работен суд.

Член 23

Од оправдани разлози работникот може да се ослободи од плакјањето на накнада на штетата во цел износ или во еден дел.

Решение за ослободувањето од плакјање за накнадата на штетата до износот од 1.000 динари донесува за работниците во државните претпријатија директорот на претпријатието, а преку тоа до 5.000 динари административно оперативниот раководител.

Решенија за ослободување од плакјање накнада на штетата за работниците во државните надлештва и установи како и за штети преку 5.000 динари по претходниот став до 50.000 динари, — донесува надлежниот член на владата, претседател на комитет на владата, генералниот секретар на владата, секретарот на владата за персонална служба како и старешина на установата на владата, а за штети преку 50.000 динари ова решение го донесува владата.

Решение за ослободување од плакјање накнада за штетата за работниците што се запослени во надлештвата и установите на автономните покраини, автономните области и на народните одбори, како и за штети преку 5.000 динари по ст. 2 од овој член до 50.000 динари — донесува главниот извршен одбор на автономната покраина, обласниот извршен одбор на автономната област и извршниот одбор на народниот одбор, а за штети преку 50.000 динари овие решенија ги донесуват главниот извршен одбор на автономната покраина, обласниот извршен одбор на автономната област и народниот одбор во согласност од наделжниот член на владата.

Раководителите односно органите од претходните ставови можат да донесуваат поблиски одредби за постапката за накнада на сторената штета.

В. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Прописите од оваа уредба ке се применуваат аналогно и на дисциплинската и материјалната одговорност на работниците запослени во претпријатијата и установите, на задружните и други општествени организации.

Министерот на трудот на ФНРЈ, во согласност со Претседателот на Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ ке издава поблиски напатствија за применување на одредбата од претходниот став, како и за спроведување на оваа уредба.

Член 25

Се овластува Министерот на трудот на ФНРЈ по добиеното мнение од Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија да издаде општо напатствие за донесување на работниот ред.

Член 26

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

23 март 1949 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Министер на трудот,
**Љубчо Арсов**, с. р.

**226.**

Врз основа на чл. 78 и во согласност со чл. 44 ст. 1 точ. 24 од Уставот на ФНРЈ, Владата на ФНРЈ, по предлог од Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на ФНРЈ пропишува

## НАПАТСТВИЕ

### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УКАЗОТ НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНАТА СКУПШТИНА НА ФНРЈ ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОБЛАСТИ КАКО АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ И ПРИВРЕМЕНИ ОБЛАСНИ НАРОДНИ ОДБОРИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР СРБИЈА, НР ХРВАТСКА, НР СЛОВЕНИЈА, НР БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И НР МАКЕДОНИЈА

1. — Поради раководењето со сето работење околу подготвувањата за образување на обласните народни одбори и со работењето на нивната организација, владите на народните републики при комитетот за законодавство и изградба на народната власт ке оснивaат Комисија за образување на обласни народни одбори. Во состав на оваа комисија треба да влезат претставници на министерството на финансиите, на земјоделието, на трговијата и снабдувањето, на комуналните работи, на внатрешните работи, на планската комисија на народната република и на секретаријатот за персоналната служба.

Задачата на комисијата е, по директивите од комитетот за законодавство и изградба на народната власт на владата на народната република, да раководи со подготвувањата околу изборите на привремените обласни народни одбори, во соработка со заинтересираните ресори на владата на народната република да подготвува и поднесува предлог до комитетот за организацијата на управниот апарат на тие одбори, да подготвува предлози за утврдување на нивната надлежност, како и да го ускладува и обединува работењето на секретаријатот на владата на народната република за организација на обласните одбори од точ. 2 од ова напатствие.

2. — Владите на народните републики тр... во градовите што се предвидени како седишта на обла-

Член 9

Утврдување и ревизија на работните норми не може да се изврши без претходно добивено мнение од надлежната комисија за работни норми, а исто така без тоа мнение не може да се даде согласност ниту одобрение за утврдените работни норми.

Член 10

Извештаите односно мненијата и предлозите од посебните комисии имаат иста важност како и мненијата и предлозите од општите комисии, со тоа да може органот надлежен за утврдување на работните норми по истите да бара и мнение од општите комисии за работни норми.

Член 11

Постапката што важи за работењето на општите комисии за работни норми ке се применува во сето аналогно и кај посебните комисии (одделенски, работилнички, за самостојни погони, за поедини производствени гранки).

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 2805
8 февруари 1949 година
Белград

Министер на лесната индустрија,
**Јосип Цази, с. р.**

---

228.

Врз основа на чл. 22 од Уредбата за засниване и престанок на работните односи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 84/48), а по добиеното мнение од Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, прописувам

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИИТЕ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

### I. — НАДЛЕЖНОСТ НА КОМИСИИТЕ ЗА РАБОТНИ СПОРОВИ

Член 1

Комисии за работни спорови се образуваат за решавање на работните спорови што им се ставени во надлежност со Уредбата за засниване и престанок на работните односи и со други прописи.

Комисиите за работни спорови работат по прописите од овој правилник.

Член 2

Во надлежност на комисиите за работни спорови спагја:

а) донесување решенија за отказот што го дал работодавачот или работникот (наместеникот), ако не се согласи противната страна со образложението на отказот и отказот го побија (чл. 22 ст. 1 од Уредбата за засниване и престанок на работните односи);

б) востановување да ли има факти што биле разлог за давање отказ, во случај во кои што не може отказот, по прописите од Уредбата за засниване и престанок на работните односи, да се побија (чл. 23 од уредбата).

в) донесување решенија за побарувањата по основот на платата или за прашањата за накнада на штетата, ако побарувањата односно штетата станале со отказот даден од страна на работодавач или работник (наместеник) (чл. 22 ст. 3 од Уредбата за засниване и престанок на работните односи);

г) решавање други спорови од работните односи, ако е предвидена таква надлежност со посебни прописи; и

д) вршење други работи предвидени со посебни прописи.

### III. — ОБРАЗУВАЊЕ И СОСТАВ НА КОМИСИИТЕ

Член 3

Комисиите за работни спорови се образуваат кај секој работодавач (претпријатие), каде има синдикална подружница. По потреба, може кај ист работодавач да се образуваат и повекје комисии за работни спорови.

За решавање на работните спорови на работниците (наместениците) запослени кај работодавачи кај што нема синдикална подружница, се образува комисија за работни спорови при повереништвото на трудот на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор, надлежен по местото на живеењето односно по местото на седиштето на работодавачот.

Седиштето на работодавачот, во смисла на овој правилник, се одредува по местото на седиштето на органот што е овластен да прима и отпушта работници и наместеници (дирекција на претпријатија, раководство на погон, работилиште, пословница и сл.).

Член 4

Комисијата за работни спорови што се образува кај работодавач ја сочинуваат четири члена, од кои што два одредува работодавачот а два синдикалната подружница.

Претставниците на работодавачот ги одредува надлежниот раководител од редот на кај него запослените работници, наместеници односно службеници.

Претставниците на синдикалната подружница ги одредува управниот одбор на подружницата од редот на членовите на управниот одбор или пододбор.

Членовите на комисијата за работни спорови што се образува кај работодавачот се одредуваат на една година.

На ист начин на секој член од комисијата му се одредува и заменик.

Член 5

Комисијата за работни спорови што се образува при повереништвото на трудот ја сачинуваат четири члена, од кои што се двајца претставници околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор, а двајца претставници на месниот (околискиот) синдикален совет.

Претставниците на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор ги одредува извршниот народен одбор од редот на членовите и службениците од дотичниот народен одбор.

Месниот (околискиот) синдикален совет одредува достаточен број на свои претставници, кои што ги повикува претседателот на комисијата наизменично по потреба

Членовите на комисијата се одредуваат на една година.

На членовите на комисијата им се одредуваат на ист начин и заменици.

Член 6

За образувањето на комисиите за работни спорови по прописите од овој правилник должно е да води сметка повереништвото на трудот на надлежниот околиски односно градски (реонски) народен одбор.

### III. — ВОДЕЊЕ АДМИНИСТРАЦИЈА НА КОМИСИИТЕ

Член 7

Членовите на комисијата за работни спорови одредуваат помегју себе претседател, кој што ра-

ководи со работењето на комисијата од завршетокот на една до завршетокот на друга расправа.

Претседател на комисијата е прво претставникот на работодавачот, па по тоа претставникот на синдикатот, и така неизменично.

Член 8

Работодавачот односно повереништвото на трудот при кој што се образува комисија за работни спорови, одредуваат еден свој службеник за секретар (записничар) на комисијата.

Секретарот на комисијата прима писмени или усни (на записник) барања од работници (наместеници) односно од работодавачи, упатени до комисијата за работни спорови, води записник на расправите на комисијата, изработува нејзини решенија и по напатствија од претседателот на комисијата ја врши сета административна работа.

Просториите, материјалот и други потреби за работењето на комисијата должни се да ги обезбедат и ги стават на располагање на комисијата работодавачот, односно повереништвото на трудот на околискиот односно градскиот (реонскиот) народен одбор.

## IV. — ПОСТАПКА ЗА РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

### 1) Започнување на спор

Член 9

Спор пред комисијата за работни спорови се започнува по барање од работодавач односно од работник (наместеник).

Барањето со кое што се започнува спорот се поднесува до надлежната комисија за работни спорови писмено или усно на записник, а му се предава на секретарот на комисијата за работни спорови.

### 2) Срокови за започнување на спорот

Член 10

Срокот во кој што можат работникот (наместеникот) односно работодавачот да се обрнат до комисијата за работни спорови со барање со кое што се побија отказот односно со барање со кое што се бара да се воспостанови постоење на факти во случај на отказ што не може да се побија, изнесува најмногу половина од отказниот срок предвиден со прописите односно со договорот за работењето, т.е. од 7 дена до 3 месеца, сметајќи од кога почнал отказот да тече.

Во истиот срок се поднесува и барањето за остварување на побарувањата по основот на платата или накнада на штетата во врска со дадениот отказ.

Член 11

Во случај да постоат оправдани разлози за пропуштање на срокот што е прописан за поднесување барање до комисијата за работни спорови, работникот (наместеникот) односно работодавачот може да поднесе барање во срок од 7 дена од денот кога престанале пречките, но најдоцна во срок од 3 месеца од денот на отказот.

Како разлози, што се признаваат како оправдани пречки, се сметаат особено:

а) болест;

б) прекин на саобраќајот поради кој што не било возможно да се поднесе барањето до комисијата за работни спорови (поплава, снежни наноси и сл.);

в) вршење должности во врска со воената служба;

г) службено патување;

д) участие на конгреси, конференции и сл.

Оправданоста на разлозите за пропуштање на срокот ја цени комисијата за работни спорови.

### 3) Срокови за решавање на спорот

Член 12

Секретарот на комисијата веднаш ја известува комисијата за работни спорови за секое барање поднесено во смисла на чл. 9 од овој правилник.

Најдоцна во срок од 5 дена од денот на примањето, комисијата за работни спорови мора да го земе во разгледување секое поднесено барање и да одреди кој ден и каде ке се одржи расправата.

Расправата мора да се одржи најдоцна во срок од 10 дена од денот кога е примено барањето.

Заинтересираните лица мораат да бидат известени за времето и местото на одржувањето на расправата и за составот на комисијата најдоцна на 3 дена пред денот одреден за одржување на расправата.

Решение за спорот мора да се донесе најдоцна 15 дена од денот кога е примено барањето.

До донесувањето на конечното решение од комисијата за полноважноста на отказот за односното решение од работниот суд во случаите од чл. 19 ст. 3 од овој правилник, не може работниот однос да престане врз основа на отказот.

Член 13

Расправата пред комисијата за работни спорови, по правило, е јавна.

Расправите на комисијата за работни спорови се одржуваат по правило, вон од редовното работно време

### 4) Изземање членови па комисијата

Член 14

Во оправдани случаи, кога би можела да дојде во прашање непристрасноста на претседателот или на некој од членовите на комисијата, странката може да бара негово изземање.

Одлука за изземањето донесува претседателот на комисијата, ако се во прашање членови на комисијата, односно повереникот на трудот, ако е во прашање претседателот на комисијата. Одлуката се донесува на образложено барање од странката, кое што по правило мора да биде поднесено најдоцна 2 дена пред закажаната расправа. Ако странката дознала за фактите врз чија основа бара изземање после тој срок, барањето може да се поднесе и подоцна, но најдоцна до крајот на расправата.

На место на изземениот претседател или член во комисијата влегува неговиот заменик, а ако би бил изземен и заменикот, претставник одреден од соодветниот орган од чл. 4 односно 5 од овој правилник.

### 5) Расправа

Член 15

Комисијата за работни спорови може да одржи расправа и да донесува полноважни решенија само ако е комисијата во полн состав (претседател и оäте три члена односно нивните заменици).

На расправата присуствуваат странките односно нивните застапници. Расправата може да се одржи и ако едната или обете странки односно нивните застапници што биле редно повикани, не дојдат на расправата или ако до почетокот на расправата не го известат претседателот на комисијата дека од оправдани разлози не можат да дојдат на закажаната расправа. Оправданоста на разлозите ја цени комисијата за работни спорови.

Член 16

Странката што го започнала спорот може, до завршетокот на расправата, да одустане од поднесеното барање. Во тој случај, комисијата сочинува за тоа краток записник, чиј што препис им го издава на странките само по нивно изречно барање.

Член 17

На расправата комисијата за работни спорови ги сослушува странките односно нивните застап-

ници, а по потреба и сведоци, и спроведува и други поднесени докази.

Комисијата за работни спорови може и по званична должност да прибавува и спроведува докази.

Постапката пред комисијата за работни спорови е хитна.

### 6) Водење записник на расправата

Член 18

За секоја расправа на комисијата за работни спорови, секретарот на комисијата води записник.

Во записникот се внесува: назив на работодавачот (одделението погонот) односно на повереништвото на трудот при кое што е образувана комисијата за работни спорови, имиња на претседателот и на членовите од комисијата, дата и место на одржаната расправа, ознака на странките што се во спор и имиња на странките односно на нивните застапници што присуствувале на расправата, дата кога странките биле известени за расправата, краток содржај на спорот, опис на изведените докази на расправата и донесеното решение по спорот (изрека на решението со кратко образложение) односно констатација дека комисијата не можела спорот да го реши.

Записникот го потпишуваат претседателот, сите членови на комисијата и секретарот.

Членот од комисијата што не се сложува со решението од мнозинството може во записникот да даде свое одвоено мнение.

### 7) Донесување одлука

Член 19

По завршената расправа, комисијата за работни спорови донесува решение за спорот.

Во комисијата одлучува мнозинството на гласовите.

Во случај гласовите да се поделат, се смета дека спорот не е решен и предметот се доставува на решение до работниот суд.

Член 20

Во спорот со кој што се побија отказот, комисијата за работни спорови решава да ли има место на побијање отказ, па работниот однос останува не раскинат, или отказот останува во важност, па работниот однос ке се разреши.

Во спорот со кој што бара да се востанови постоење факти што биле разлог за давање на отказот, во случај во кој што не може отказот да се побија, комисијата за работни спорови донесува решение за постоења или не постоење на односните факти.

По прашањето на побарувањата по основот на платата или на накнадата на штета во врска со отказот, било да е спорен и самиот отказ односно фактите на кои што се заснива отказот, било спорот да се води само за побарувањата, комисијата за работни спорови донесува решение за висината на побарувањето и одредува срок во кој што треба побарувањето да се измири или ја одбија странката од побарување.

Донесеното решение го објавува претседателот на комисијата.

Ако комисијата не донела решение за спорот (чл. 19 ст. 3), претседателот за тоа ги известува странките.

### 8) Доставање решенија

Член 21

На странките, по нивно барање им се издава формално решение кое што мора да содржи образложение и назнака дека е решенито конечно односно дека против него може да се поднесе тужба до работниот суд во случај кога има место на тужба.

Решението го потпишуваат претседателот и секретарот на комисијата.

### 9) Правносилност на решенијата

Член 22

Решението на комисијата за отказот како и решението по повод да се востанови постоење на факти (чл. 20 ст. 1 и 2 од правилникот) конечни се и против нив не е позволена тужба до работниот суд.

Исклучително, против решението од комисијата за работни спорови за побарување (чл. 20 ст. 3 од правилникот) недоволната странка има право на тужба до работниот суд, во срок од 30 дена од денот кога и е соопштено решението од комисијата. Тужбата и се предава на комисијата чие што решение се напаѓа.

Ако ни една од странките во оставениот срок не поднесе тужба до работниот суд, решението од комисијата за побарувањето станува конечно.

## V. — НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИИТЕ

Член 23

Надзорот над работењето на комисиите за работни спорови го врши повереништвото на трудот на надлежниот околиски односно градски (реонски) народен одбор.

Заверениот препис од записникот за секоја одржана расправа секретарот на комисијата за работни спорови е должен да го испрати во срок од 3 дена од денот кога е расправата одржана до повереништвото на трудот на надлежниот околиски односно градски (реонски) народен одбор.

## VI. — НАКНАДА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИИТЕ

Член 24

Членовите на комисиите за работни спорови, сведоците и вештите лица од редовите на работниците (наместениците) и службениците, не добиваат никаква посебна награда за учествувањето во работата односно на расправата на комисијата за работни спорови.

Во исклучителни случаи, кога комисиите за работни спорови заседаваат во работното време, на членовите на комисијата, на работник (наместеник) што е странка во спорот, на сведоците и вештите лица од редот на работниците (наместениците) и службениците им припаѓа од работодавачот каде што се запослени и за тоа време соодветна плата по времето.

## VII. — ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ТАКСИ

Член 25

Во постапката за решавање на работните спорови пред комисиите за работни спорови, во смисла на чл. 8 од Законот за решавање на работните спорови не се плаќа никаква такса.

## VIII. — ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Комисиите за работни спорови ке се образуваат најдоцна во срок од месец дена од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 27

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

III бр. 2300
4 март 1949 година
Белград

Министер на трудот,
Љубчо Арсов, с. р.

229.

Врз основа на чл. 4 од Основната уредба за административната струка, пропишувам

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИПРАВНИЧКАТА СЛУЖБА, СТРУЧНИТЕ ИСПИТИ И КУРСЕВИ ВО АДМИНИСТРАТИВНАТА СТРУКА

Член 1

Ставот 1 од чл. 27 се менува и гласи:

„За звањето писар II класа потребна е, по правило, завршена седмогодишна школа и положени стручен испит или покажат успех во работењето во звањето помошен службеник III класа".

Член 2

Ставот 1 од чл. 28 се менува и гласи:

„За звањето помошен административен манипулант потребна е неполна средна или нејзи рамна школа и положен стручен испит; или курс за помошен административен манипулант со завршен испит: или пракса и покажан успех во работењето во звањето помошен службеник I класа или писар I класа и положен стручен испит за звањето, помошен административен манипулант":

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 455
25 март 1949 година
Белград

Претседател
на Комитетот за законодавство и
изградба на народната власт на
Владата на ФНРЈ,
**Едвард Кардељ, с. р.**

230.

Врз основа на чл. 63 од Основната уредба за проектирање („Службен лист на ФНРЈ" бр. 48/48), во согласност со Претседателот на Сојузната планска комисија, издавам

# НАРЕДБА

## ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ОД КОМИТЕТОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВОТО СО ИДЕЈНИТЕ ПРОЕКТИ НА ОБЕКТИТЕ ЗА КАПИТАЛНА ИЗГРАДБА И НА ОБЕКТИТЕ ЗА ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД

1) За градбите од сојузно и републиканско значење што се доскачуваат до водостопанските решенија и режимот на водите, инвеститорите се должни, пред да ги поднесат на ревизија идејните проекти на овие обекти, да добијат согласност од Комитетот за водостопанство на Владата на ФНРЈ за градбите од сојузно значење односно од комитетите за водостопанство на владите на народните републики за градбите од републиканско значење.

2) Согласноста од предната точка инвеститорот е должен да ја приложи при поднесувањето на идејните проекти на ревизија аналогно на чл. 10 од Основната уредба за проектирање.

3) Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 5663
18 март 1949 година
Белград

Министер на градежите,
**Влада Зечевич, с. р.**

Согласен,
Претседател
на Сојузната планска комисија,
**Борис Кидрич, с. р.**

231.

Врз основа на точ. IV од Наредбата за производство и откуп на сортна и друга семенска стока на житарици, крмно и градинарско растение, по предлог од Министерот на земјоделието на ФНРЈ, донесувам

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОСНОВНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ НА СЕМЕНСКАТА СТОКА

1) За семенската стока, што се откупува врз основа на Наредбата за производство и откуп на сортна и друга семенска стока на житарици, крмно и градинарско растение („Службен лист на ФНРЈ" бр. 7/49) се одредуваат следни основни откупни цени:

| | Динари |
|---|---|
| Просо (Panicum miliaceum) | 405.— |
| Ељда (Fagopyrum esculentum) | 585.— |
| Сирак шекјерац | 587.— |
| Сирак метлаш | 650.— |
| Луцерка (Medicago sativa) | 3.780.— |
| Црвена детелина (Trifolium pratense) | 3.000.— |
| Инкарнатка (Trifolium incarnatum) | 1.920.— |
| Еспарзета (Onobrychis sativa) | 2.340.— |
| Граорица озима | 738.— |
| Граорица јара | 567.— |
| Грашок озим за добиток | 738.— |
| Грашок јар за добиток | 738.— |
| Боб за добиток | 650.— |
| Лупина | 877.50 |
| Репа за добиток семе | 1.950.— |
| Пострна репа семе | 5.200.— |
| Чичока (Helianthus tuberosus) | 220.— |
| Мрква за добиток семе | 7.800.— |
| Кељ крмен | 7.280.— |
| Бела детелина (Trifolium repens) | 7.200.— |
| Хибрадна детелина (Trifolium hybridum) | 5.000.— |
| Хмељна луцерка (Medicago lupulina) | 3.000.— |
| Смиљкита (Lotus corniculatus) | 5.400.— |
| Муар (Setaria germanica) | 360.— |
| Суданска трева (Sorghum exiguum) | 720.— |
| Енглески љуљ (Lolium perenne) | 2.400.— |
| Талијански љуљ (Lolium italicum) | 2.000.— |
| Француски љуљ (Avena elatior) | 3.400.— |
| Златна овсика (Avena flavescens) | 9.800.— |
| Лисичји репак (Alopecurus pratensis) | 7.200.— |
| Мачји репак (Phleum pretense) | 2.400.— |
| Клупчеста острица (Dactylis glomerata) | 3.800.— |
| Власнача ливадна (Poa pratensis) | 4.600.— |
| Власнача проста (Poa trivialis) | 8.100.— |
| Росуља бела (Agrostis alba) | 4.800.— |
| Росуља обична (Agrostis vulgaris) | 4.800.— |
| Вијук ливадски (Festuca pratensis) | 3.400.— |
| Вијук подбарски (Festuca arundinacea) | 5.940.— |
| Вијук црвен (Festuca rubra) | 6.880.— |
| Власуља шумска (Festuca silvatica) | 6.880.— |
| Крестац (Cynosurus cristatus) | 6.400.— |
| Бусика бусата (Aira ceaspitosa) | 8.100.— |
| Стоклаcа пољска (Bromus arvensis) | 6.400.— |
| Светлица (Phalaris arundinacea) | 5.840.— |
| Грашак градинарски | 1.050.— |
| Боранија ниска | 1.875.— |

| | Динари |
|---|---|
| Боранија висока | 2.500.— |
| Боб (Vicia faba) | 900.— |
| Лешта | 1.225.— |
| Дињи | 13.500.— |
| Лубеници | 11.250.— |
| Краставици | 9.975.— |
| Тикви (бундеви) | 2.500.— |
| Тиквици | 10.000.— |
| Салата | 17.500.— |
| Ендивија | 16.250.— |
| Радикј црвен и зелен | 12.500.— |
| Мотовилец | 10.000.— |
| Зелки | 40.000.— |
| Кељ | 39.000.— |
| Карфиол | 80.000.— |
| Келераба | 26.000.— |
| Киселица | 7.875.— |
| Лук бел озим | 1.625.— |
| Лук бел јар | 1.125.— |
| Кромид | 14.000.— |
| Праз | 10.000.— |
| Блитва (Mangold) | 8.250.— |
| Миродија — копар | 2.250.— |
| Мрква | 12.500.— |
| Магдонос | 7.500.— |
| Пастрнак | 6.750.— |
| Целер | 17.500.— |
| Пиперки | 25.000.— |
| Патлиџан | 22.500.— |
| Патлиџан модар | 25.000.— |
| Репа бела мајска | 9.000.— |
| Бросква (подземна келераба) | 8.000.— |
| Ротква | 7.500.— |
| Ротквици | 7.500.— |
| Спанаќ | 3.000.— |
| Цвекла | 9.000.— |
| Слатунак низок | 800.— |
| Слатунак висок | 900.— |
| Бамње (Hybiscus asculentus) | 6.000.— |
| Шпаргла | 15.000.— |
| Црн корен (Scornosera hispanica) | 23.750.— |
| Артичока | 42.500.— |
| Рабарбара | 22.500.— |
| Мајоран (Origanum majoranum) | 102.000.— |
| Ким | 3.150.— |
| Мак градинарски | 1.200.— |

2) Овие цени се подразбират XX за 100 кг семенска стока нето, франко магацин на откупувачот или франко вагон или шлеп по избор на откупувачот.

3) Овие цени важат за семенска стока која има нормален процент на чистотија, клијавост и влажност.

Процентите на клијавост под 0.5% не се сметаат а со 0,5% и повеќе се сметаат како полн процент.

Семенската стока со помала клијавост од нормалната ке се откупува со одбивање на 1% од откупната цена за секој процент на клијавост под нормалата.

4) Предните цени важат како државни (врзани) цени во смисла на точ. V од Наредбата за производство и откуп на сортна и друга семенска стока на житарици, крмно и градинарско растение („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 7/49).

5) Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија“.

Бр. 1852
18 март 1949 година
Белград

Претседател на Стопанскиот совет
на Владата на ФНРЈ и на Сојузната
планска комисија,
**Борис Кидрич**, с. р.

Согласен,
Министер на земјоделието,
**Мијалко Тодорович**, с. р.

**РАТИФИКАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПЛОВИДБЕНИОТ РЕЖИМ НА ДУНАВ ОД СТРАНА НА РОМАНИЈА И УНГАРИЈА**

Во Министерството на надворешните работи на Федеративна Народна Република Југославија следните држави ги депонирале своите ратификациони инструменти на Конвенцијата за пловидбениот режим на Дунав, склучен и потписан во Белград на 18 август 1948 година: Романија на ден 5 март 1949 година, Унгарија на ден 14 март 1949 година.

Споменатата конвенција е објавена во „Службениот лист на ФНРЈ“ бр. 8 од 26 јануари 1949 година.

Бр. 45164. — Од Министерството на надворешните работи, Белград, 21 март 1949 година.

# РЕШЕНИА

Врз основа на чл. 3 од Уредбата за оснивање Државна комисија за верски прашања при Претседателството на Владата на ФНРЈ

решавам

за претседател на Комисијата да се назначи Милоје Дилпарич, Претседател на Окружниот суд во Нови Пазар, а за членови: Миодраг Симович, секретар на Комисијата на Државната контрола на ФНРЈ; Иво Фрол помошник на Министерот за наука и култура на ФНРЈ; Пашага Манџич, помошник на Претседателот на Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ; Марјан Вивода, постар помошник на Јавниот обвинител на ФНРЈ; Киро Глигоров, помошник на Министерот на финансиите на ФНРЈ; и Милош Радович, началник на Управата за материјални резерви при Претседателството на Владата на ФНРЈ.

Перс. бр. 1032
18 март 1949 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

---

Врз основа на чл. 47 и 64 од Законот за државните службеници, чл. 15, 23 и 28 од Основната уредба за принадлежностите на сојузните државни службеници, а во согласност со Претседателот на Владата на ФНРЈ перс. бр. 562 од 11 февруари 1949 година

решавам

Амброжич Ладислав, главен управник на цивилниот воздушен саобраќај, да се назначи за помошник на Министерот на сообштенијата на ФНРЈ.

Бр. 562
11 февруари 1949 година
Белград

Министер на сообштенијата,
**Божидар Масларич**, с. р.

---

Врз основа на чл. 47 и 64 од Законот за државните службеници и чл. 23. од Основната уредба за принадлежностите на сојузните државни службеници и решението од Претседателот на Владата на ФНРЈ перс. бр. 4937 од 19 ноември 1948 година

решавам

Мијич Драго, секретар на Комитетот за автосаобраќај на Владата на ФНРЈ, во звање виши пла-

нер економист-инженер, да се назначи за помошник на Министерот — Претседателот на Комитетот за водостопанство на Владата на ФНРЈ.

Бр. 4037
19 ноември 1948 година
Белград

Министер — Претседател
на Комитетот за водостопанство
на Владата на ФНРЈ,
**Бане Андреев,** с. р.

Врз основа на чл. 47 од Законот за државните службеници, чл. 15, 23, 25 и 28 од Основната уредба за принадлежностите на сојузните државни службеници, а во согласност со Претседателот на Владата на ФНРЈ, перс. бр. 542 од 8 февруари 1949 година

решавам

. Суваџиќ Славко, виши планер економист на Сојузната планска комисија, да се назначи за помошник на Министерот на соопштенијата на ФНРЈ.

Бр. 542
8 февруари 1949 година
Белград

Министер на соопштенијата,
**Божидар Масларич,** с. р.

За помошник на директорот на Радио Белград по техничките прашања, во звание инженер за електровски, со решение од Претседателот на Комитетот за радиодифузна служба на Владата на ФНРЈ, перс. бр. 1999/49, е назначен Кирович Милан, досегашен инженер за електровски на споменатиот комитет.

За директор на Испостава на Генералната дирекција на сојузната прехранбена индустрија во Нови Сад, во звание комерцијалист со решение од Министерот на лесната индустрија на ФНРЈ, перс. бр. 244/49, е назначен Падован Алојз, досегашен в. д. директор во истата испостава.

За комерцијален директор на Главната дирекција на сојузната текстилна индустрија во звание економист, со решение од Министерот на лесната индустрија на ФНРЈ, перс. бр. 7/49, е назначен Бошков Мита, досегашен персонален референт во истата дирекција.

За директор на Индустријата за кожи во Врхника во звание постар индустриски работоводител, со решение од Министерот на лесната индустрија на ФНРЈ, перс. бр. 1050/49, е назначен Перц Драго, досегашен директор на Фабрика за куфери и кожни производи во Домжали, во истото звание.

За началник на Персоналното одделение на Министерството на железниците на ФНРЈ, во звание виши персонален референт, со решение од Министерот на железниците на ФНРЈ перс. бр. 6852/49, е назначен Бобар Слободан, досегашен заменик на Генералниот директор по кадровските работи на Генералната дирекција на железниците.

За секретар на Министерството за наука и култура на Владата на ФНРЈ, со решение од Министерот за наука и култура на Владата на ФНРЈ перс. бр. 889/49, е назначена Томпа Анина, досегашен секретар на Комитетот за школи и наука на Владата на ФНРЈ.

За началник на Главната управа за новоослободените краишта во Волоско, со решение од Министерот за новоослободените краишта на ФНРЈ перс. бр. 186/49, е назначен Вујнович Стеван, демобилисан мајор на Југословенската армија.

# ОДЛИКОВАНИА

Врз основа на членот 2 од Законот за ордените и медаљите, а по предлог на Претседателот на Владата на ФНРЈ, Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија

решил

да се за нарочно покажани заслуги во работата за обнова и изградба на земјава одликуват

## СО МЕДАЉА НА ТРУДОТ:

Дробина Јосипа Пирошка, Ковач Милка Ернест, Нешковиќ Борисава Драгослав, Ромиќ Ивана Фрањо, Ириќ Љубомира Добросав, Танасковиќ Пауна Милијана, Петровиќ Милована Радиќ, Мариќ Данила Љубодраг, Галфи Јосипа Јулија, Пепор Јована Катарина, Ковачевиќ Јефте Илија, Перковиќ Алексе Михајло, Плечевиќ Срећка Боривоје, Козомора Илије Петар, Митиќ Милана Шпира, Игрошанац Драгослава Надежда, Цобор Јована Ана, Данијел Шиме Јован, Скокиќ Станоја Првослав, Николиќ Шпире Спасоје, Милутиновиќ Сретена Живота, Недељковиќ Милована Светислав, Диниќ Михајла Селимир, Лупуј Павла Александар, Милошевиќ Милорада Милојко, Худи Франца Алојз, Цвејиќ Марка Видоје, Пантиќ Радивоје Стеван, Симиќ Петра Борисав, Остојиќ Трајана Васа, Барота Васин Саво, Нишиќ Илије Стојан, Чолиќ Марка Антун, Кунтариќ Јосипа Јосип, Баришиќ Јосипа Станко, Белиќ Ивана Анте, Рајковиќ Јосипа Драгица, Керн Грге Станко, Ибрахим Пешиќ Алија Делва, Душиќ Ивана Ернест, Рајчевиќ Миле Јово, Војвода Јеронима Андреја, Рајман Фрање Ксенија, Пахор Драгутина Драгутин, Хорват Мијо Марија, Зајец Јере Алојзи, Жорба Јакоба Марцел, Лежар Мартина Мартин, Мељо Јожефа Марија, Загмајстор Јожефа Јожеф, Роблек Јанеза Иван, Јериха Мартина Иван, Пресл Виктор Илија, Тавчар Миха Франц, Шториќ Антона Иван, Ајд. Јоже Јоже, Цаф Матевжа Иван, Ругер Ивана Јоже, Летнар Франца Франска, Брунчо Антона Вилко, Марон Лојзе Бојан, Самар Андрија Јоже, Першиќ Ловра Албин, Штрк Јожефа Андреј, Берник Михајла Јоже, Флегар Франца Франц, Алијаж Франца Франц, Коделја Алфонза Рада, Котник Томажа Антонија, Туршек Ивана Иван, Роде Јури Винко, Укмар Антона Иван, Натлил Блажа Франчиска, Видмар Јожеф, Сушник Алојз, Ремијаш Иво Иван, Мелцер Ивана Едо, Бизјак Франца Франц, Југовар Франца Бено, Терпинц Драгота Милан, Туфекчиќ Абдурахмана Осман, Осмиќ Османа Ахмед, Павиќ Илије Андреја, Муминовиќ Решина Јусо, Мот Јакова Петар, Милетовиќ Мије Марко, Мирашчиќ Османа Бего, Глухиќ Шефкија Суљо, Бектиќ Мухарема Смаил, Божиќ Боже Стјепан и Аљакиќ Смаје Јусуф;

Атиќ Мехмеда Мухамед, Атиќ Ибре Решо, Мемиќ Хасана Осман, Лолиќ Мује Салих, Кучера Стјепана Виктор, Цар Трлек Мато, Томичевиќ Николе Милош, Турк Јосипа Антон, Хаџиосмановиќ Бекира Галиба, Трниниќ Стојана Зорка, Попара Омера Мустафа, Куртишев Асанов Емин, Хатовиќ Алит Јонус, Јакзе Мате Антица, Драгичевиќ Стјепана Вида, Гогиќ Јована Лука, Рогач Јефта Василије, Комад Никола Коса, Вујиновиќ Ђорђе Јелисавета, Верес Ђерђ Ђерђ, Бабин Марија, Атанацковиќ Владимира Јелена, Косовац Илије Никола, Квинтус Јосип Јосип, Скиба Глише Аница, Бајируч Арипа Назим, Корица Стојана Савка, Веселиновиќ Митра Даница, Шанта Фезло Медага, Шијачки Глише Јованка, Бала Иштван Багда, Бедов Милан, Ивезиќ Обрада Риста, Милечиќ Стојана Ђуро, Симоќи Михајла Александар, Ковац Михајло Фрања, Диниќ Миодрага Ратко, Семиз

